TIKVEŠ
SINCE 1885

СООПШТЕНИЕ

**На Балканскиот интернационален вински натпревар 2014**

# Најмногу златни медали за вина од Македонија кај „Тиквеш"

*Скопје, 12.06.2014* – Две врвни вина на винарската визба „Тиквеш" освоија златни медали на годинешниот Балкански интернационален вински натпревар што се одржа во Софија, Бугарија.

Во конкуренција од над 400 вина од Балканот, Југоисточна Европа и Црноморскиот регион, со златен медал се закитија висококвалитетните црвени вина „Вранец Special Selection" од бербата во 2012-та година и „Александрија Куве" од минатогодишната берба.

„Тиквеш" беше единствената винарска визба од Македонија која освои два златни медали. Успехот беше комплетиран и со дополнителниот сребрен медал за белото врвно вино „Темјаника Special Selection 2013" и бронзен медал за белото „Александрија куве" од бербата во 2013-та година.

*„Судејќи според бројот на освоени медали во сите категории, „Тиквеш" е на самиот врв во регионот. Тоа нè прави дополнително горди и среќни затоа што покажува дека во исклучително силна конкуренција на вина кои потекнуваат од слично поднебје и имаат слични карактеристики, сепак нашите врвни вина се издвојуваат со својата уникатност и квалитет, потврдувајќи ја на тој начин својата висока вредност"*, изјави **Елена Младеновска Јеленковиќ**, маркетинг менаџер на „Тиквеш".

За дополнителни информации:

Винарска визба „Тиквеш" (маркетинг), тел. +389 2 3181 724

ImagePR, +389 (0)2 3290 486; office@imagepr.com.mk